АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 10.06.2020

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 2471 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип

3. **Датум на извршување на надзорот:** 10 јуни 2020 година

   **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка јавна опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип беше извршен на 22.04.2020 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/15), радиодифузерите се должни овие податоци <u>првиот пат да ги објават најдоцна до 31 март.</u>

4. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка јавна опомена бр. 03-225 од 04.06.2020 година, по спроведен редовен административен надзор на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-1981/1 од 22.04.2020 година).

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип до Агенцијата ја достави снимка од објавените податоци, со што <u>ја исполни во целост</u> обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***